РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
Бр. 02-4640/1
31-08-2017 год.
СКОПЈЕ

# У П А Т С Т В О

## ЗА КОРИСТЕЊЕ УГОСТИТЕЛСКИ УСЛУГИ (РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА)

## НА ТОВАР НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" број 58/2000, 44/02, 82/08, 167/10, и 51/11), член 7 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на Република Македонија" број 90/2009, 188/13 и192/15)министерот за одбрана донесе

# У П А Т С Т В О

## за користење на угостителски услуги (репрезентација) на товар на средствата во Буџетот на Министерството за одбрана

### Член 1

Со ова упатство се определуваат правото, корисниците, видот, начинот и постапката за користење угостителски услуги(репрезентација) за службени потреби кои се плаќаат од средствата предвидени за таа намена во буџетот на Министерството за одбрана.

### Член 2

Под угостителски услуги во ова Упатство се подразбираат нарачки од храна и пијалоци на име на репрезентација од корисници - лица во Министерството за одбрана и АРМ утврдени со решение на министерот за одбрана.

Нарачките од храна и пијалоци може да се вршат во:

-угостителски објекти на МО кои се во надлежност на Секторот за услуги, туризам, возен парк и одржување,

- угостителски објекти во Република Македонија кои не се во состав на МО и во угостителски објекти во странство,

- во продавници за храна и пијалоци за корисниците за репрезентација од Одделенијата за одбрана во градовите надвор од Скопје во кои нема угостителски објекти на МО.

За работни средби со службени лица и делегации, за билатерални и мултилатерални средби кои се реализираат во РМ, одбележување на значајни датуми, јубилеи и слично, трошоците за репрезентација се одобрени со посебно решение на министерот за одбрана за конкретниот настан.

### Член 3

Правото за користење на угостителски услуги односно репрезентација по категории на лица во Министерството за одбрана и АРМ и месечните износи на репрезентацијата се утврдуваат со **решение на министерот за одбрана**. Решението е составен дел на ова упатство.

### Член 4

За реализираните угостителски услуги во угостителските објекти во МО, лицата кои ги даваат услугите за храна и пијалоци, за секоја нарачка од корисниците на угостителските услуги (репрезентација) кои се утврдени со решението на министерот, водат интерна евиденција на нарачките по лица која ќе биде основа за изработка на испратница и месечна фактура.

Под угостителски услуги не смее да се подразбира предавање на готови пакувања на храна и пијалоци за нивно користење надвор од работните простории т.е надвор од службените активности.
По завршување на месецот, во рок од 5 работни дена, од страна на Секторот за услуги, туризам, возен парк и одржување, во чија надлежност се угостителските објекти, се изработува фактура за извршените услугиза претходниот месец за секое лице кое има право и кое користело репрезентација. Со фактурата се приложува и испратница во која се наведени количините за испорачаните храна и пијалоци, потпишана од страна на корисникот на репрезентацијата. Фактурата со испратницата се доставува до: Секторот за финансии - Одделението за книговодство каде се врши задолжување за плаќање и до организационата единица во МО и АРМ каде се вработени лицата корисници на репрезентација.
Организационите единици (сектори во МО, команди и единици во АРМ) за добиената фактура изготвуваат записник за извршена услуга и комплетната документација со наредба за исплата ја доставуваат до Секторот за финансии за плаќање.

**Член 5**

Угостителски услуги во угостителски објекти во Република Македонија кои не се во состав на МО и во угостителски објекти во странство може да користат: министерот за одбрана, заменикот на министерот за одбрана, државниот секретар, началникот на ГШ на АРМ, заменик на началникот на ГШ на АРМ и директорот на ГШ на АРМ.
За реализираните угостителски услуги во угостителските објекти од став 1 од овој член,на корисниците им се доставува фактура со спецификацијана трошоците или фискална сметка со сметкопотврда доколку услугата е платена во готово или со службена платежна картичка. Спецификацијата за направените трошоци ја потпишува корисникот на услугата, со полно име и презиме и датум на користење на услугата.

**Член 6**

При доставувањето на документите од став 2 од член 5 на ова упатство за плаќање на фактурите, правдање на готовинската исплата или исплата со службена картичка, корисниците на угостителски услуги задолжително приложуваат известување за карактерот на службената потреба (работни состаноци, делегација, одбележување на значајни датуми и слично), со потпис на корисникот кој го направил трошокот.
Без ова известување, Секторот за финансии не смее да ја изврши исплатата.

**Член 7**

Угостителските услуги во угостителски објекти надвор од МО може да се платат во готово, со фактура или со службена картичка од лицата на кои им е одобрено користење на службена картичка.
Месечниот износ определен со решението за репрезентација од страна на министерот за одбрана, е вкупен износ за плаќање на извршени угостителски услуги од корисниците по сите основи (во готово, со фактура и со службена платежна картичка)

во текот на еден месец. Доколку лицето го надмине месечниот лимит, трошоците над лимитот ќе се сметаат како трошоци за приватни/лични потреби и истите ќе се надоместат од корисникот на услугата, автоматски, од следната плата.
Секторот за финансии е должен квартално да го информира министерот за одбрана за евентуални пречекорувања од овој тип за сите корисници на репрезентација.

Член 8

Секторот за финансии води евиденција по корисници на репрезентација во угостителски објекти во Република Македонија кои не се во состав на МО и во угостителски објекти во странство за лицата од член 5 став 1 од ова упатство, за направени трошоци по пристигнати фактури, исплати во готово (со поднесени фискални сметки со сметкопотврди и исплати со платежни картички).
Врз основа на евиденцијата од став 1 од овој член, до државниот секретар, еднаш месечно, се доставува на увид извештај за вкупно направените трошоци на име на угостителски услуги - репрезентација за службени потреби, по корисници на репрезентација.

Член 9

Корисниците на репрезентација наведени во решението кое е составен дел на оваупатство, должни се да ги користат угостителските услуги во рамките на нивните надлежности и работни должности, притоа имајќи ги во предвид принципите на економичност, ефикасност и ефективност при трошењето на буџетските средства за оваа намена.

Член 10

Секторот К-4 се задолжува во рок од 6 месеци да изготви системско решение со кое трошењето на средства за репрезентација (тип, корисник и износи) ќе може да биде дел од јавно достапните податоци во Министерството за одбрана.

Член 11

Ова упатство влегува во сила и ќе се применува со денот на донесувањето.

Изработил: Спасоја Дамјаноски
Одобрил: Николиќ Драган

Министер за одбрана
Радмила Шекеринска-Јанковска

Доставено до:
- заменик министер,
- државен секретар,
- државни советници,
- НГШ во АРМ,
-ЗНГШ,
- директор на ГШ,
- сите сектори во МО,
- Воена академија и
- Архива.